**ПОТПИШНАТА ПРЕДИЗБОРНАТА КОАЛИЦИЈА ПОМЕЃУ ВМРО-ДПМНЕ И ОСУМНАЕСЕТ ДРУГИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ**

01.05.2008



Денес во хотелот "Холидеј Ин", ВМРО-ДПМНЕ и 18 други политички партии потпишаа предизборен коалициски договор насловен како - ПОВЕЛБА ЗА СТРАТЕШКО КОАЛИЦИРАЊЕ „МАКЕДОНИЈА 2008" НА КОАЛИЦИЈАТА „ЗА ПОДОБРА МАКЕДОНИЈА"

Овој договор беше потпишан од страна на претседателите на политичките партии кои договорија заеднички настап на престојните парламентарни избори и истиот го потпишаа:

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, г-дин Никола Груевски;
Претседателот на Социјалистичката Партија на Македонија, г-дин Љубисав Иванов Ѕинго;
Претседателот на Демикратскиот Сојуз, г-дин Павле Трајанов;
Претседателката на Демократската Обнова на Македонија,
г-ѓа Лилјана Поповска;
Претседателот на Демократската Партија на Турците во Македонија, г-дин Кенан Хасипи;
Претседателот на Демократската Партија на Србите во Македонија, г-дин Иван Стоилковиќ;
Претседателот на ВМРО-Македонска, г-дин Борис Стојменов
Претседателот на Сојузот на Ромите во Македонија,
г-дин Амди Бајрам;
Претседателот на Обединета Партија за Еманципација,
г-дин Неждет Мустафа;
Претседателот на Партијата на Правдата, г-дин Бојо Андревски;
Претседателот на Странката за Демократска Акција,
г-дин Авдија Пепиќ;

Претседателот на Партијата на Власите во Македонија,
г-дин Мите Костов;
Претседателот на Партијата Интеграција на Ромите,
г-дин Бајрам Берат;
Претседателот на Народното Движење за Македонија,
г-дин Јанко Бачев;
Претседателот на Бошњачката Демократска Партија,
г-дин Алија Шахиќ;
Претседателот на Партијата на Зелените,
г-дин Срѓан Шишковски;
Претседателот на Демократската Унија на Ромите од Прилеп,
г-дин Адем Арифоски;
Претседателот на Работничка Земјоделска Партија,
г-дин Борис Стојчевски;

Претседателот на Партијата за Целосна Еманципација на Ромите, г-дин Самка Ибраимоски.

Со потпишувањето на овој коалиционен договор, партиите се обврзаа заеднички да работат на брзиот економски развој, натамошното консолидирање и унапредување на состојбите во земјоделството, образованието, здравството, државните служби и администрацијата преку уредувањето на односите во политичката сфера врз основа на начелата на јавната одговорност и доброто владеење. Партиите се обврзаа решително да работат за што е поскоро влегување на Република Македонија во НАТО алијансата и Европската Унија.